РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР. 09 -2253/1
18.11. 2024 ГОД
РЕСЕН

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр5/2002 ), член 71 став 1 алинеа 16 од Статутот на Општина Ресен (Службен Гласник на Општина Ресен бр.7/2010, 13/2015, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) и одредбите од Законот за спречувањена корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19 ) Градоначалникот на Општина Ресен го донесе следното

# УПАТСТВО

**за управување со судир на интереси**

**I Вовед**

**Член 1**

Избраните и именуваните лица, одговорно лице во правно лице и лице кое врши работи од јавен интерес, како носители на јавни функции, како и вработените во јавниот сектор, се службени лица и се должни во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапуваат со интегритет, што значи дека треба да постапуваат законски, независно, непристрасно, етички, одговорно и транспарентно.

На тој начин, службените лица го штитат својот углед и угледот на Општина Ресен која ја претставуваат, а истовремено ги намалувајќи ги ризиците и отстранувајќи ги сомнежите за појава и развој на корупција, а со тоа ја зајакнуваат довербата на граѓаните во јавните функции и во работењето на институциите. Однесувањето на службените лица треба да биде во согласност не само со важечките закони, туку и според високите етички норми стандарди.

**Член 2**

Под поимот „службено лице“ согласно Законот за спречување на корупијата и судирот на интересите се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор. Главната задача на службените лица е да служат на јавниот интерес.

Службените лица треба да имаат чесно, фер и непристрасно однесување, и да не се вклучат во било каква ситуација која може да ги доведе во состојба на судир на интереси.

**II Судир на интереси**

**Член 3**

Меѓународните стандарди, насоки и препораки дефинираат дека:

▪ јавниот интерес мора да биде на прво место;

▪ транспарентноста на процесот на донесување одлуки е од исклучително значење;

▪ систем за пријавување и следење на имотот и интересите да биде воспоставен;

▪ индивидуалната одговорност и личниот пример се основа за доброто управување;

▪ организациската култура која не толерира судир на интереси мора да се поттикнува и развива.

**Член 4**

Согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Судир на интереси подразбира судир меѓу јавните овластувања и должности со приватниот интерес на службените лица, во којшто службеното лице има приватен интерес, што влијае или може да влијае врз вршењето на неговите јавни овластувања и должности."

**III Службени лица**

**Член 5**

Под поимот „службено лице" се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.

Во Општина Ресен службени лица се Градоначалникот на Општина Ресен, членовите на Советот на Општина Ресен и сите вработени во Општина Ресен.

**Член 6**

Под поимот „јавен интерес" се подразбира заштита на основните слободи и права начовекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Македонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата.

**Член 7**

Службеното лице во Општина Ресен никогаш не треба да биде мотивирано во извршувањето на неговите службени должности од семејни, етнички, верски, политички или други приватни интереси.

Службените лица во Општина Ресен може да имаат свои лични ставови, предрасуди и уверувања, од нив се очекува да ги стават настрана при вршењето на нивните службени должности.

Службеното лице во Општина Ресне треба да однесува според функцијата, јавните овластувања и службената должности и да постапува во согласност со Уставот и со законите.

Службеното лице во Општина Ресен во своето рабтење треба да се води според следните начела:

- Начело на законитост

-Начело на интегритет

-Начело на јавност

-Начело на интегритет

-Начело на заштита и одговорност

## IV ФОРМИ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

**Член 8**

- Непотизам,

- Неспоивост на функции, активности и поседување акционерски права,

- Ограничување за вршење дејност,

- Злоупотреба на службени податоци, буџетски средства, заеми, држана помош и државен имот,

-Дискрециони овластувања

-Користење и злоуотреба на службени податоци

## V НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИЦИ ОД НАСТАНУВАЊЕ НА СИТУАЦИИ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

**Член 9**

Темелни механизми за спречување на судир на интереси во Општина Ресен се

-Контрола со постоење на соодветна законска регулатива и политичка волја за спроведување.

-Зголемување на свеста за препознавање на судирот на интереси.

-Подигање на свеста за потребата од пријавување случаи на потенцијален судир на интереси.

-Почитување на етичките кодекси.

-Нетолеранција на корупција.

- Избегнување на потенцијалниот судир на интереси и коруптивно однесување и негово препознавење преку обуки, публикации, платформи за е-учење и сл.

-Соодветна примена на санкции при непочитување на правилата за управување со судир на интереси.

-Назначување лице за интегритет на Општина Ресен и назначување на лице за прием на пријави од укажувачи на Општина Ресен

## VI ПОСТАПКА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА И СУДИР НА ИНТЕРЕСИ ВО ОПШТИНА РЕСЕН

**Член 10**

Општина Ресен не толерира коруптивно однесување и злоупотреба на било какво службено овластување, јавна функција и положба.

Општина Ресен се стреми при извршување на работите и на работните задачи на вработените во општинската администрација да задржуваат високи стандарди за личен интегритет, професионална етика и грижа за заштита на јавниот интерес и се придржуваат до актите кои ги уредуваат овие стандарди.

Градоначалникот и раководните структури на општината ја промовираат професионалноста, заштитата на јавниот интерес, отчетноста, одговорноста, непристрасноста, недискиминацијата, и политичката неутралност.

**Член 11**

Општина Ресен обезбедува систем на вредности и принципи врз кои треба да се заснова однесувањето на вработените.

Пријавите се поднесуваат до лицето задолжено за интегритет во Општина Ресен по електронски пат, писмено или усно на понатамошна постапка согласно одредбите од Законот за спречувањена корупцијата и судирот на интереси и останатите позитивни законски прописи кои ја третираат оваа област.

Против подносителите на пријави не смеат да се преземаат било какви дејствија кои би ги одвратиле од пријавување на корупција, судир на интереси или друга неправилност, односно со цел казнување за извршеното пријавување

Доколку се утврди дека лицето тендециозно и злонамерно пријавило против него ќе се преземат мерки за соодветна одговорност.

**Член 11**

Ова упатство влегува во сила на денот на донесувањето и истото се објавува на веб страната на Општина Ресен.

**ОПШТИНА РЕСЕН**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**ЈОВАН ТОЗИЕВСКИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН ПРЕСПА РЕСЕН